Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - ЗМКГБ Скопје
тел. 02 3116-066, лок. 135, лок. 136, факс. 02 3118-834, http://www.macold.org.mk
Адреса: Градежен факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј,
бул. Партизански одреди, 24, 1000 Скопје, РС Македонија
Жиро сметка: 300000001888141, Трансакциска сметка за донации 300000004369692
ЕДБ/МК: 4030002505887, Комерцијална банка АД-Скопје

# ЗАПИСНИК
# од 7. седница на претседателството на ЗМКГБ, одржана на 25.5.2023 година

(верзија 2023-05-25)

Скопје, мај 2023 година

**ЗАПИСНИК**

од **7.** седница на претседателството на ЗМКГБ,
одржана на 25.5.2023 година

На Седницата, одржана со почеток во 14:00 часот, присуствуваа членовите на претседателството и надзорниот одбор:

1. Љупчо Петковски, претседател на ЗМКГБ,
2. Стевчо Митовски, потпретседател на ЗМКГБ,
3. Лидија Зафировска, член на претседателство,
4. Драган Димитриевски, член на претседателство,
5. Илија Кондински, член на претседателство,
6. Драги Дојчиновски, член на претседателство,
7. Петар Буторац, (замена за Славко Милевски, ген. секретар на ЗМКГБ),
8. Јован Б. Папиќ, член на ЗМКГБ (замена за Игор Пешевски, член на претседателство)

Најавено отсутни на седницата:

1. Игор Николоски, член на претседателство,
2. Даниел Цеков, член на надзорен одбор,
3. Фросина Пановска, тех. секретар на ЗМКГБ

Ненајавено отсутни на седницата:

1. Ѓорѓи Чакаровски, член на претседателство,
2. Ибраими Шпресим, член на претседателство,
3. Здравко Јаковлевски, член на надзорен одбор,
4. Орце Мангаровски, член на надзорен одбор

На Седницата, беа поканети и членови на Редакцискиот и Организациониот одбор за идните манифестации на здружението за брани. Од поканетите, немаше присутни.

Седницата, одржана со физичко присуство, во салата за состаноци за здруженијата на ГФ, ја отвори претседателот на ЗМКГБ, Љупчо Петковски. На почетокот на Седницата беше дополнет и усвоен следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од 6**.** седница на Претседателството на ЗМКГБ, одржана на 4.4.2023.
2. Информација за стручната посета на брани во Грција, одржана во април 2023.
3. Припрема за 13-то Советување за водостопанство и хидротехника, 6-7.10.2023 година.
4. Разно.

За секоја од наведените точки од Дневниот ред се разви дискусија со следниве

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Точка 1. Записник од претходната седница**
Записникот од 6. Седница на Претседателството, финалната верзија, е доставен до сите членови на Претседателството на ЗМКГБ, и во однос на текстот на истиот не се констатирани забелешки, по што едногласно се усвои.

**Точка 2. 2. Информација за стручната посета на брани во Грција**
Во организација на ЗМКГБ беше реализирана стручна посета на брани со придружни објекти и хидроцентрали во Грција, во периодот 23 - 26 април 2023 година. На стручната екскурзија учествуваа 43 членови на ЗМКГБ, вработени во градежни компании, хидроенергетски претпријатија, инженеринг фирми и научни институции во РС Македонија.

Стручната екскурзија беше во целост спроведена според усвоената техничка програма, предложена од претседателот на Грчкиот комитет за големи брани (GCOLD). Со оваа стручна посета на брани, која всушност е петта - организирана од MaCOLD, избрана е Грција, зашто таму градбата на брани во последните 25 години е импресивна. Во тој период се изградени околу 110 големи брани од различни типови, меѓу кои и Face Symmetrical Hardfill Dams (FSHD), Concrete Face Rockfill Dams (CFRD) и Roller Compacted Concrete Dams (RCCD), кои сè уште не се изградени во Македонија. Воедно, таа има изградено квалитетна и разновидна водостопанска и хидроенергетска инфраструктура, чие запознавање може да го унапреди искуственото знаење на хидротехничарите од нашата земја.

Првиот ден, Недела 23. април, се патуваше од Скопје до Athens. Попладнето беше искористено за разгледување на главниот град на Грција.

Во Понеделникот, 24. мај, прво беше посетена првата брана изградена во Грција во 1929 година, масивната брана Marathonas, висока 54 м, обложена со мермерни плочи, наменета за водоснабдување на Атина. Потоа, беше посетена каменоземјената брана (висока 136 м) и хидроцентралата Mornos. После попатното разгледување на античкиот град Delphi, ноќевањето беше во Agrinio.

Вториот работен ден, Вторник 25. мај, започна со посета на хидроцентралата и каменоземјената брана (висока 96 м) Kastraki, продолжи со посета на каменоземјената брана (висока 165 м) Kremasta и со попатно разгледување на браната Stratos, а ноќевањето беше во познатото планинско место Arta.

Последниот работен ден, Среда 26. мај, беше посетена хидроцентралата и камената брана со бетонски екран (висока 150 м) Messochora, а продолжи со посета на каменоземјената брана (висока 130 м) Ilarionas. Во крајниот дел од студиското патување попатно беше разгледана браната Sfikia, а после следеше патот кон Скопје.

Учеството на вакви стручни екскурзии е од непроценливо значење за хидротехничарите, посебно за помладите колеги, независно од тоа дали се бават со теориска или практична дејност во Инженерството за брани. Во оваа пригода да се заблагодаруваме на колегите од Грција, Chara-Rea Papachatzaki (Претседател на GCOLD), George Dounias (Поранешен претседател на GCOLD) и Konstantinos Anastassopoulos (Почесен претседател на GCOLD), кои постојано нè придружуваа на студиското патување, како и за нивните презентации за основните карактеристики на посетените хидротехнички објекти.

Се заблагодаруваме на докажаните пријатели на ЗМКГБ - спонзори/донатори на оваа стручна екскурзија со чија несебична финансиска поддршка беа покриени дел од трошоците на организаторот. Воедно, благодарност до туристичката агенција Савана од Скопје, која по трет пат успешно организира стручна екскурзија со посета на тешко достапни преградни профили за брани и хидроцентрали и посебно до љубезниот и елоквентен Никола (водич на студиското патување), кој стрпливо ги решаваше сите проблеми на учесниците. На крајот, ја подвлекуваме исклучителната сериозност и студиозност на групата, што е најдобриот подстрек за ЗМКГБ во иднина да планира и спроведе и други слични екскурзии во земји кои, според предлозите на учесниците на оваа студиска тура, би можеле да бидат: Србија, Турција и Албанија.

**Точка 3. Припрема за 13-то Советување за ВСХТ, 6-7.10.2023**

Согласно заклучоците од точка 4 на 5. Седница на Претседателството на ЗМКГБ, одржана на 10.2.2023 година, беше составено Првото соопштение на 17.2.2023 и дистрибуирано до членството на ЗМГБ. Темите за советувањето се избрани доста општи за да може да биде прифатен секој реферат од водостопанска и хидротехничка проблематика.

На 15.5.2023 е испратен допис до членовите на работните тела на ЗМКГБ, заедно со своите соработници да состават барем по едно резиме и воедно да го афирмираат настанот кај колеги кои ценат дека имаат интерес да бидат активни учесници на советувањето.

На 19.5.2023 беше одржан состанок со Хисен Џемаили, директор на Управата за животна средина на МЖСПП и Љубе Димов, советник за технички прашања во АД ВС на РСМ, со цел да се посочи потребата за одржување на 13-то Советување за ВСХТ и да се обезбеди нивно што поактивно учество на оваа манифестација.

Рокот за доставување на резимеа беше предвиден до 31.5.2023 година. Поради исклучително мал број доставени резимеа се предлага да се продолжи рокот барем за еден месец. За таа цел, техничкиот секретар да испрати известување до членството дека по барање на потенцијалните учесници на Советувањето, рокот се пролонгира до 30.6.2023 година.

Во продолжение на точката 3 имаше бројни дискусии за актуелната состојба во водостопанството во РС Македонија. Генералната констатација од дискусиите е дека во премногу долгиот период на транзиција на општествениот систем на Македонија, кој датира од последната деценија на XX век, организационата поставеност на водостопанството не успеа да се прилагоди на новите околности. За жал, постои сериозна опасност, независно од долгата традиција и високиот квалитет во планирањето и градењето во „Инженерството за брани“ (од технички аспект), погрешното администрирање во доменот на водите да предизвика несогледливи штетни последици на хидросистемите од типот на брани со водни акумулации.

Погрешните мерки на водостопанската политика во претходните три децении предизвикаа длабока стагнација во водостопанската дејност и руинирање на голем број капитални хидросистеми, изградени со огромни инвестиции од страна на претходните генерации. Овие мерки навлегуваат во доменот на правното, економското и организационото ангажирање на правната држава во доменот на управувањето со водите и ги надминуваат компетенциите на техничкиот кадар во водостопанството. Затоа, за претстојното 13-то Советување за водостопанство и хидротехника актуелни се институционалната поставеност, администрирањето со водните ресурси и преструктуирање на водостопанството. Доколку за оваа тематика нема доволен број реферати како поттик за натамошни дискусии, поради непроценливото значење на водостопанството за развојот на заедницата, би

требало да се одржи одделна Тркалезна маса, помеѓу пленарните сесии на Советувањето во октомври 2023 година.

**Точка 4. Разно**
Немаше дискусии.

* * *

На крајот Љ. Петковски им се заблагодари на присутните за активното учество, им посака успешно 13-то Советување за ВСХТ во октомври 2023, по што ја затвори седницата.

Седницата заврши во 16:00 часот.

Записничар,

Проф. д-р Стевчо Митовски,

Скопје,
25.5.2023 година

Претседател на ЗМКГБ,

Проф. д-р Љупчо Петковски

Дополнувања на записникот:
****************************************************
****************************************************